## Контактирајте нè доколку сте заинтересирани да бидете семејство-домаќин.

## Ви благодариме!

За какви било прашања, слободно контактирајте ги лицата за контакт со семејствата:


**Ана Јовановска**
071 386-053; ajovanovska@peacecorps.gov
**Томе Станковски**
071 386-041; tstankovski@peacecorps.gov




Волонтерот Брајс ѝ помага на неговата македонска мајка од Јабланица



Волонтерката Алисон со нејзиното македонско семејство од Кратово




Волонтерот Алекс подготвува ајвар со неговата македнoска мајка од Лозово

Peace Corps
NORTH MACEDONIA

# Инфо брошура за семејства-домаќини
2025

# Што е Мировен корпус?

Мировен корпус е американска владина **цивилна** организација, основана во 1961 година од претседателот Џон Кенеди, посветена на ширење на мир и пријателство во светот. Трите цели на Мировниот корпус се:

- Да обезбеди волонтери што ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.
- Да им помогне на луѓето од земјите-домаќини да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка.
- Да им помогне на луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите ширум светот.

Во Македонија, Мировен корпус е на покана на македонската влада. Волонтерите живеат и работат во локалните заедници две години. Тие не примаат плата, а Мировниот корпус ги покрива сите нивни трошоци за живеење.

# Кои се волонтерите?

Тие се Американци со најразновидно потекло: припадници на разновидни етнички групи и возрасти, со најразлични способности и искуство.

Тие доаѓаат во Македонија од различни причини: да стекнат работно искуство, да ги споделат своите вештини, да научат повеќе за Македонија и светот и да направат позитивни промени во светот во кој живееме.

Пред да почнат со својата служба во Македонија, волонтерите минуваат низ интензивна единаесетнеделна обука за да го научат јазикот, да научат за македонската култура, да се прилагодат на начинот на живеење во Македонија и сл.

# Како до волонтер во Вашето семејство?

Обуката за новата група волонтери што пристигнува на 22 септември 2025, ќе се случува и во вашето место. Во вашето место волонтерите пристигнуваат на 28 септември 2025 и ќе престојуваат до 5 декември 2025, кога ќе заминат во градовите и селата низ Македонија каде што ќе живеат и работат во наредните две години.
За време на единаесетнеделната обука, волонтерите ќе бидат сместени во семејства-домаќини во вашето место.

# Зошто волонтерите се сместуваат во семејства?

- ❖ За да научат за македонскиот семеен живот и култура.
- ❖ За да можат да ги разберат сличностите и разликите меѓу македонскиот и американскиот начин на живот.
- ❖ За да можат полесно да се навикнат на македонскиот начин на живот.
- ❖ За да го вежбаат македонскиот јазик што го учат на часовите.
- ❖ За да бидат дел од секојдневните активности на семејството и на тој начин волонтерите да се чувствуваат како дел од семејството.

# Семејствата-домаќини треба:

- ❖ Да го прифатат волонтерот како член од своето семејство.
- ❖ Да го вклучат волонтерот во сите активности на семејството.
- ❖ Да бидат угледни членови на заедницата во која живеат.
- ❖ Да претставуваат едно „типично“ семејство од Македонија.
- ❖ Да го зборуваат македонскиот јазик за да му помогнат на волонтерот во изучувањето на јазикот.

# Обврски на семејството-домаќин:

**Сместување** – за да им се овозможи приватност на волонтерите секое семејство-домаќин треба да обезбеди посебна соба, која ќе ја користи само волонтерот.
**Јадење** – од семејството-домаќин се очекува секој ден да обезбеди појадок, ручек и вечера за волонтерот. Оброците треба да бидат она што вообичаено го подготвува семејството.
**Хигиена** – семејството-домаќин еднаш неделно треба да обезбеди чиста постелнина и пешкир за волонтерот. Волонтерот е одговорен за својата лична хигиена и перење на своите алишта.

# Паричен надомест:

Семејствата-домаќини ќе добиваат паричен надомест за секоја недела од престојот на волонтерот во нивниот дом во висина од 6000 МКД неделно.
Овој износ е наменет за покривање на трошоците за јадење и сместување на волонтерот. Исплатата ќе се врши на временски интервал од три недели.

# Други корисни информации:

- Волонтерите ќе имаат 4 часа по македонски јазик, секој работен ден, од понеделник до четврток. А одредени денови, дополнително ќе имаат и часови од други области, како и други активности организирани од Мировен корпус.
- Мировен корпус има свои лекари што се грижат за здравјето на сите волонтери во Македонија. Ова е правило што се применува во сите земји во светот каде што Мировен корпус има свои волонтери.